АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во првиот квартал од 2017 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

Заклучно со 31.3.2017 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување и банки остана непроменет, односно во текот на првиот квартал од 2017 година (1К2017) на пазарот на осигурување, осигурително брокерски работи вршат 33 осигурително брокерски друштва, работи на застапување во осигурување 14 друштва за застапување и 3 банки.

Во 1К од 2017 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст: БПП) во вкупен износ од 2,24 милијарди денари, што претставува раст од 4,68% во однос на БПП остварена во 1К2016 година (1К2016: 2,14 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 1,96 милијарди денари (1К2016: 1,90 милијарди денари), или истата изнесува 87,69% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 3,39% во споредба со 1К2016 година.

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 276,1 милиони денари (1К2016: 240,4 милиони денари), што претставува пораст од 14,88%. Осигурувањето на живот учествува со 12,31% во вкупната БПП на осигурителниот сектор.

Истовремено, во вкупната остварена БПП најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 45,82% (1К2016: 46,42%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 37,22% (1К2016: 37,25%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 8,60% (1К2016: 9,17%). Потоа, следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 23,91% (1К2016: 23,41%), и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 9,89% (1К2016: 9,84%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата за автоодговорност од 4,62% со БПП 835,34 милиони денари, осигурувањето од незгода од 5,15% со БПП 221,87 милиони денари, значителен пораст д 81,38% кај осигурувањето од финансиски загуби со БПП 13,13 милиони денари, како и пораст од 174,39% кај осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот со БПП 21,09 милиони денари. Исто така осигурувањето на имот бележи пораст од 6,92% со БПП 536,52 милиони денари, за разлика од 1К2016 кога бележеше пад од 22,40%. Кај каско осигурувањето се забележува пад од 1,88% на вкупната БПП која изнесува 192,99 милиони денари. Исто така, значителен пад од 50,19% е остварен и кај здравствено осигурување со БПП 15,02 милиони денари.

Во периодот 1.1.2017-31.3.2017 склучени се 265.843 договори при што се забележува пораст од 5,57% во однос на 1К2016 кога беа склучени 251.821 договори. По класи на осигурување зголемување од 10,44% бележи осигурувањето на имот, осигурувањето од незгода со 10,35%, потоа следи осигурувањето од автомобилска одговорност со 3,52%. Осигурувањето на живот бележи значителен пораст од 112,84%. Од друга страна пак, кај каско осигурувањето и здравственото осигурување се забележува пад на склучените договори при истовремено зголемување на БПП. (Табела 1)

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1К2017 | 1К2016 | промена | 1К2017 | 1К2016 | промена |
| Автоодговорност (вкупно) | 835.342 | 798.470 | 4,62% | 148.595 | 143.539 | 3,52% |
| Имот (вкупно) | 536.517 | 501.804 | 6,92% | 25.123 | 22.749 | 10,44% |
| Живот | 255.072 | 232.718 | 9,61% | 3.133 | 1.472 | 112,84% |
| Незгода | 221.871 | 211.014 | 5,15% | 98.504 | 89.268 | 10,35% |
| Каско моторни возила | 192.989 | 196.691 | -1,88% | 10.486 | 10.348 | 1,33% |
| Општа одговорност | 76.110 | 71.037 | 7,14% | 10.987 | 9.124 | 20,42% |
| Туристичка помош | 35.026 | 33.884 | 3,37% | 63.410 | 62.568 | 1,35% |
| Живот - инвестициониот ризик на товар на осигуреникот | 21.098 | 7.689 | 174,39% | 389 | 273 | 42,49% |
| Карго | 19.854 | 19.979 | -0,63% | 753 | 635 | 18,58% |
| Каско воздухоплови | 18.724 | 30.378 | -38,36% | 7 | 2 | 250,00% |
| Здравствено | 15.024 | 30.160 | -50,19% | 734 | 540 | 35,93% |
| Финансиски загуби | 13.130 | 7.239 | 81,38% | 558 | 417 | 33,81% |
| Одговорност воздухоплови | 3.044 | 2.471 | 23,19% | 14 | 5 | 180,00% |
| Гаранции | 171 | 199 | -14,07% | 74 | 74 | 0,00% |
| Одговорност пловни објекти | 69 | 87 | -20,69% | 21 | 24 | -12,50% |
| Каско пловни објекти | 17 | 0 | 100,00% | 2 | 0 | 100,00% |
| Правна заштита | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 1 | -100,00% |
| **ВКУПНО** | **2.244.058** | **2.143.820** | **4,68%** | **265.843** | **251.821** | **5,57%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Друштвата за осигурување во анализираниот период исплатиле бруто - износ на штети од 809,61 милиони денари. Во споредба со истиот период минатата година, бруто исплатените штети бележат зголемување од 7,61% (1К2016: 752,32 милиони денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети се поголеми за 4,86% во однос на 1К2016. (Табела бр.2).

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1К2017 | 1К2016 | промена | 1К2017 | 1К2016 | промена |
| Автоодговорност (вкупно) | 422.579 | 409.405 | 3,22% | 7.121 | 6.734 | 5,75% |
| Каско моторни возила | 119.023 | 100.397 | 18,55% | 2.071 | 1.904 | 8,77% |
| Незгода | 102.873 | 106.747 | -3,63% | 1.887 | 2.216 | -14,85% |
| Имот (вкупно) | 72.232 | 77.958 | -7,34% | 1.838 | 1.725 | 6,55% |
| Живот | 53.113 | 41.365 | 28,40% | 497 | 399 | 24,56% |
| Општа одговорност | 26.762 | 2.167 | 1134,98% | 64 | 60 | 6,67% |
| Туристичка помош | 11.095 | 12.527 | -11,43% | 715 | 656 | 8,99% |
| Здравствено | 1.531 | 83 | 1744,58% | 177 | 6 | 2850,00% |
| Карго | 398 | 1.646 | -75,82% | 13 | 25 | -48,00% |
| Финансиски загуби | 5 | 22 | -77,27% | 11 | 9 | 22,22% |
| Одговорност воздухоплови | 0 | 7 | -100,00% | 0 | 0 | 0,00% |
| Живот - инвестициониот ризик на товар на осигуреникот | 0 | 0 | 0,00% | 7 | 0 | 100,00% |
| **ВКУПНО** | **809.611** | **752.324** | **7,61%** | **14.401** | **13.734** | **4,86%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 5. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 17,75% (1К2016: 16,89%), Евролинк со 12,74% (1К2016: 13,48%), Осигурување Македонија со 12,55% (1К2016: 12,81%), Уника 11,25% (1К2016: 11,40% ) и Винер со 11,14% (1К2016: 12,42%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроација живот со 43,26% (1К2016: 45,60% ) и Граве со 34,13% (1К2016: 33,99%).Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 54,87%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за

осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 48,95%, додека пак кај неживотното осигурување доминира каналот на директната продажба со 60,52% (Табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| 1К2017 | неживот | | живот | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество |
| Директна продажба | 1.190.925 | **60,52%** | 40.368 | 14,62% | 1.231.293 | 54,87% |
| Осиг. брокерски друштва | 422.475 | 21,47% | 137.931 | **49,95%** | 560.406 | 24,97% |
| Друштва за застапување во осигурување | 126.702 | 6,44% | 31.879 | 11,54% | 158.581 | 7,07% |
| Туристички агенции | 6.389 | 0,32% | 0 | 0,00% | 6.389 | 0,28% |
| Автосалони | 1.385 | 0,07% | 0 | 0,00% | 1.385 | 0,06% |
| Банки | 7.905 | 0,40% | 37.883 | 13,72% | 45.788 | 2,04% |
| Застапници во осигурување | 211.857 | 10,77% | 28.079 | 10,17% | 239.936 | 10,69% |
| Останати дистрибутивни канали | 262 | 0,01% | 0 | 0,00% | 262 | 0,01% |
| **Вкупно** | **1.967.900** | **100,00%** | **276.140** | **100,00%** | **2.244.040** | **100,00%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот од првиот квартал од 2017 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,85 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,35 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,12 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 228,37 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,32 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.3.2017 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 133,82 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 7 друштва остварија добивка во износ од 58,28 милиони денари, додека пак 4 друштва остварија загуба во износ од 55,54 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 19,46 милиони денари, и тоа три друштва остварија добивка од 20,00 милиони денари, а едно друштво прикажа загуба во износ од 539 илјади денари.

Со состојба на 31.3.2017 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 5,96 милијарди денари и покриваа 109% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата коишто работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 31.3.2017 година изнесуваат 3,61 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 104,00%.

Во 1К2017 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (50,26%), депозити во банки (38,57%), удели во инвестициски фондови (4,94%), акции (0,70%) и во хартии од вредност со седиште на издавачот во ЕУ или ОЕЦД (2,21%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (71,26%), банки (18,53%), акции (6,35%), инвестициски фондови (2,15%) и во други финансиски инструменти (1,71%).